РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште "СТЕФАН ГАЈДОВ"
Бр. 03-351/1
30-10 2023 год.
ВЕЛЕС

Друштво за градежништво, трговија и услуги
ДАВИДО-ИНВЕСТ ДООЕЛ
Бр. 23/10/52
26.10. 2023 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
## за јавна набавка на работи

Склучен помеѓу:

1. ООМУ Стефан Гајдов Велес ул.Благој Нечев бр.8, застапувано од ВД Директорот Габриела Бачманова (во натамошниот текст: нарачател) од една страна, и

2. Друштво за градежништво, трговија и услуги ДАВИДО-ИНВЕСТ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.Партизански одреди 171А/3-46 Скопје, застапувано од одговорно лице Ангел Саздов, ЕДБ 4044014510020, ЕМБС 6988024, жиро сметка 200003228389688 (во натамошниот текст: изведувач), од друга страна.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е Реконструкција на кров во ООМУ Стефан Гајдов Велес ул.Благој Нечев бр.8 , детално опишани во тендерската документација и поднесената понуда од изведувачот, комплет со материјали и работна рака од страна на изведувачот.
**Целосна реконструкција на кров.**

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Вкупната вредност на овој договор изнесува 1.001.553,00 денари со вклучен ДДВ , цена без ДДВ 848.774,00 и ДДВ на износ 152.779,00 денари.

Утврдените цени во Понудата на изведувачот се фиксни и непроменливи се до конечно извршување на обврските од Договорот.

## III. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Договорот е со важност до конечно реализирање на работите предмет на овој договор.

## IV. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

Член 4

Работите од член 1 на овој договор, Изведувачот ќе ги изврши во рок од 90 дена од воведување во работа евидентирано во градежен дневник

Работата ќе може да се извршува од понеделник до петок во период од 07.30 до 19.00 часот..
Носителот на набавката е должен да отпочне со работни активности, веднаш по склучување на договорот за јавна набавка.

Член 5

Неквалитетно извршените работи, Нарачателот може да ги рекламира писмено во рок од 5 (пет) дена. Изведувачот е должен оправданите рекламации, како последица на неквалитетна услуга да ги отстрани веднаш и без надоместок.

Изведувачот гарантира дека вградените стоки најмалку 5 години нема да покажат било какво оштетување, а доколку во овој период дојде до оштетувања (освен оштетувања предизвикани од виша сила или физичко оштетување) истиот по барање од Договорниот орган во рок од 30 дена ќе ги санира на своја сметка.

## V. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 6

Нарачателот се обврзува плаќањето на Изведувачот да го врши по времени ситуации.

За извршената работа Изведувачот е должен да достави фактура.

Прилог на фактурата е времена ситуација, потпишана од двете страни .

Нарачателот се обврзува плаќањето на Изведувачот да го изврши во рок од 30 (триесет) дена од денот на прием на фактурата за извршените работи, во прилог со завршна ситуација, потпишана од двете страни, во архивата на ООМУ Стефан Гајдов Велес.

## VI. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ, НЕИСПОЛНУВАЊЕ ИЛИ НЕУРЕДНО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 7

Во случај на доцнење, неисполнување или неуредно извршување на работите на предметот на набавка од член 1 од овој договор од страна Изведувачот, Нарачателот ќе го раскине договорот и ќе изрече негативна референца на системот ЕСЈН, а има можност да бара и надомест на штета, освен во случај на виша сила.

## VII. ВИША СИЛА

Член 8

Нарачателот и изведувачот се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој договор кои се предизвикани од виша сила.

Во случај на настапување на виша сила договорните страни ќе договорат нови услови за негово исполнување или ќе го раскинат договорот

## VIII. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 9

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку тоа не даде резултати, спорот ќе се решава пред Основен суд во Велес.

## IX. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 10

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине Договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

## X. КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 11

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој договор.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Општинско основно училиште "СТЕФАН ГАЈДОВ" ВЕЛЕС

Друштво за градежништво, трговија и услуги ДАВИДО-ИНВЕСТ ДООЕЛ Скопје

## XI. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 12

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија кои ја регулираат договорната материја.

## XII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 13

Измени и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорот може да се менува со анекс - договор само во согласност со одредбите на Законот за јавните набавки и на тендерската документација.

Член 14

Овој договор е склучен во 4 истоветни примероци од кои по 2 за секоја договорна страна..

**Нарачател**
**ООМУ Стефан Гајдов Велес**
**ВД Директор Габриела Бачманова**

**Изведувач**
**Друштво за градежништво, трговија и услуги ДАВИДО-ИНВЕСТ ДООЕЛ Скопје**
**Одговорно лице Ангел Саздов**